РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04-426/7 Скопје,Shkup,Skopje 24.08.2022 година/viti/year

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а согласно член 35 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас број 226/2022

1. За работно место Виш референт за административно-стручни работи, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација, шифра на работно место УПР 01 01 Г02 000 се избира кандидатот:

- **Елена Арсева** со идентификациски код 701В021.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 од оваа одлука по конечноста на истата за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со јавниот оглас број 226/2022 објавен на 21.07.2022 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“, за пополнување на работно место Виш референт за административно-стручни работи, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение бр.10-1456/3 од 25.07.2022 година донесено од заменикот на директорот на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за вработување по јавен оглас.

По спроведената постапка за административна селекција за вработување, испитот за административен службеник организиран и спроведен од Агенцијата за администрација, по спроведената проверка на веродостојност на доказите извршена од Комисијата за селекција и спроведеното интервју за административен службеник, Комисијата за селекција согласно освоените бодови подготви Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази за селекција и достави Предлог за вработување на кандидати со број 10-1456/7 од 22.08.2022 година за избор на кандидат за вработување на работно место УПР 01 01 Г02 000 Виш референт за административно-стручни работи, Одделение за меѓународна соработка и проекти , Сектор за соработка, транспарентност и

едукација со идентификациски код 701В021, Елена Арсева, Македонец(ка) со вкупен број на освоени бодови од сите фази на селекција 79,40, се предлага за вработување.

Генералниот секретар на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по добивањето на предлогот ја донесе оваа Одлука за избор.

Одлуката за избор се доствува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од денот на објавувањето да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Генерален секретар,**

**Тања Ковачев**

Република Македонија Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Доставено до:**
- Именуваниот;
- Агенција за администрација и
- Архива.

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561

тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695

Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk